**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-72
12.02. **2018 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 92 ставови 4 и 6 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-614/1 од 02.02.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради непочитување на обврските од член 92 ставови 4 и 6 од истиот Закон, од страна на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а казнива по член 146 ставови 1 и 2 од истиот Закон, сторена на начин што телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје во неделата од 15 до 21 јануари 2018 година, не ја почитуваше законската обврска за емитување најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокално и/или вокално инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, и не обезбеди процентуална распределба на емитуваната музика - 50% да биде народна и 50% забавна, како и дека во периодот од 07.00 до 19.00 часот не емитуваше најмалку половина од законскиот минимум музика, ниту пак обезбеди соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика во овој период, и покрај тоа што за истата повреда од Законот, именуваниот радиодифузер е опоменат со Решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-456 од 04.12.2017 година) и му се наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот, а со контролниот програмски надзор извршен на 02.02.2018 година врз телевизискиот програмски сервис на именуваниот радиодифузер, емитуван од 15 до 21 јануари 2018 година на државно ниво, е констатирано дека истиот не постапил по Решението за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-456 од 04.12.2017 година), и не ја отстранил извршената повреда на член 92 ставови 4 и 6 од Законот, на начин што во текот на анализираната недела кога е извршен надзорот: емитуваше 7 часа 31 минута и 39 секунди музика, наместо да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и/или вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик; народната музика беше застапена со 4 часа 43 минути и 54 секунди, а забавната музика со 2 часа 47 минути и 45 секунди, наместо процентуално да изврши распределба на емитуваната музика, и тоа 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика; и емитуваше музика во вкупно времетраење од 2 часа 55 минути и 12 секунди, од кои 1 час 6 минути и 8 секунди народна музика и 1 час 49 минути и 4 секунди забавна музика, наместо најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-614/1 од 02.02.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. Имајќи предвид дека мерката опомена изречена со Решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-456 од 04.12.2017 година) е изречена во 2017 година, а следната мерка, барање за поведување прекршочна постапка се поднесува за вршење на истата повреда за која е опоменет радиодифузерот во текот на годината, МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка – решение за опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи, на 02 февруари 2018 година, изврши контролен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван од 15 до 21 јануари 2017 година, при што констатираше прекршување на член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, констатирано е дека наведениот радиодифузер во неделата од 15 до 21 јануари 2018 година, не ја почитуваше законската обврска за емитување најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокално и/или вокално инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, и не обезбеди процентуална распределба на емитуваната музика - 50% да биде народна и 50% забавна, како и дека во периодот од 07.00 до 19.00 часот не емитуваше најмалку половина од законскиот минимум музика, ниту пак обезбеди соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика во овој период, и покрај тоа што за истата повреда од Законот, именуваниот радиодифузер е опоменат со Решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-456 од 04.12.2017 година) и му се наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот, а со контролниот програмски надзор извршен на 02.02.2018 година врз телевизискиот програмски сервис на именуваниот радиодифузер, емитуван од 15 до 21 јануари 2018 година на државно ниво, е констатирано дека истиот не постапил по Решението за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-456 од 04.12.2017 година), и не ја отстранил извршената повреда на член 92 ставови 4 и 6 од Законот, на начин што во текот на анализираната недела кога е извршен надзорот: емитуваше 7 часа 31 минута и 39 секунди музика, наместо да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори

и/или вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик; народната музика беше застапена со 4 часа 43 минути и 54 секунди, а забавната музика со 2 часа 47 минути и 45 секунди, наместо процентуално да изврши распределба на емитуваната музика, и тоа 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика; и емитуваше музика во вкупно времетраење од 2 часа 55 минути и 12 секунди, од кои 1 час 6 минути и 8 секунди народна музика и 1 час 49 минути и 4 секунди забавна музика, наместо најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-614/1 од 02.02.2018 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Имајќи предвид дека мерката опомена изречена со Решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-456 од 04.12.2017 година) е изречена во 2017 година, а следната мерка, барање за поведување прекршочна постапка се поднесува за вршење на истата повреда за која е опоменет радиодифузерот во текот на годината, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а во врска со член 92 ставови 4 и 6 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-614/1 од 02.02.2018 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Директорот на Агенцијата, донесе Решение, со кое му наложува на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-614/1 од 02.02.2018 година.

**Доставено до:**

- Трговско Радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА“ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското Радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА“ ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Трговското Радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА“ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 02-02-2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 614 | 1 | |

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 15 до 21 јануари 2018 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 февруари 2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

- Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокално и/или вокално инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално - инструментална; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот);

- Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 4 декември 2017 година, за непочитување на член 92 ставови 4 и 6 од Законот, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-456 од 04.12.2017 година) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

## 7. Констатации од надзорот:

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, емитуван од 15 до 21 јануари 2018 година, на државно ниво, е **констатирано дека субјектот на надзорот** **не постапил по решението** за изрекување мерка, односно и понатаму ги прекршува одредбите на член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со мониторингот е утврдено дека програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје:

- Не ја почитува законската обврска во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и/или вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик. Во анализираната недела емитуваше 7 часа 31 минута и 39 секунди музика;
- Не ја почитува обврската за процентуална распределба на емитуваната музика – 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 4 часа 43 минути и 54 секунди, а забавната музика со 2 часа 47 минути и 45 секунди;
- Исто така, не ги почитува одредбите од став 6 на член 92, најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во овој период, емитуваше музика во вкупно времетраење од 2 часа 55 минути и 12 секунди, од кои 1 час 6 минути и 8 секунди народна музика и 1 час 49 минути и 4 секунди забавна музика.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, во неделата од 15 до 21 јануари 2018 година, не ја почитуваше законската обврска за емитување најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокално и/или вокално инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, а и не обезбеди процентуална распределба на емитуваната музика - 50% да биде народна и 50% забавна. Исто така, во периодот од 07:00 до 19:00 часот, не емитуваше најмалку половина од законскиот минимум музика, ниту пак обезбеди соодветна процентуална застапеност на народната и забавната музика во овој период.

**9. Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 4 декември 2017 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје не ја отстранил повредата, односно продолжил со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имајќи предвид дека мерката опомена е изречена во 2017 година, а следната мерка, барање за поведување прекршочна постапка се поднесува за вршење на истата повреда за која е опоменет радиодифузерот во текот на годината:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***